РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 01-1059/3
07. 10. 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Скопје, јули 2026 година

Врз основа на член 21 став (2) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 13/23, 59/25, 154/25, 132/26 и 212/26), Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на седницата одржана на 07.10.2026 година донесе

СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Во Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.УО 64/1 од 28.05.2007 година, бр.02-1557/4 од 17.11.2008 година, бр.01-216/1 од 08.03.2011 година, бр.03-1420/1 од 25.12.2012 година, бр.01-1509/1 од 26.11.2014 година, бр.01-127/1 од 16.01.2015 година, бр.01-1546/1 од 07.10.2015 година, бр.01-875/1 од 01.06.2018 година, бр.01-871/1 од 07.06.2019 година, бр.01-227/1 од 26.01.2023 година и бр.01-863/2 од 04.07.2025 година, во членот 5 став 1 во точката 23. зборовите „31 март" се заменуваат со зборовите „1 март".

Член 2

Членот 17 се менува и гласи:

„Со Дирекцијата управува Управен одбор кој е составен од седум члена и тоа по еден член предложен од претседателот на Владата, министерот надлежен за работите од областа на економијата и трудот, министерот надлежен за работите од областа на финансиите, министерот надлежен за работите од областа на транспортот и тројца членови предложени од корисници на технолошките индустриски развојни зони.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

Со работата на Управниот одбор раководи претседател.

Членовите на Управниот одбор избираат претседател и потпретседател на Управниот одбор, на првата седница.

За именување на член на Управниот одбор се спроведува постапка согласно со Законот за високи раководители.

За член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за високи раководители.

Претседателот и членовите на Управниот одбор предложени од претседателот на Владата, министерот надлежен за работите од областа на економијата и трудот, министерот надлежен за работите од областа на финансиите и министерот надлежен за работите од областа на транспортот, се именуваат за време од пет години.

Членовите на Управниот одбор предложени од корисниците на технолошките индустриски развојни зони се именуваат за време од две години.

Членовите на Управниот одбор предложени од корисниците на технолошките индустриски развојни зони се избираат по оној редослед по кој се стекнале со статус на корисник во зоната.

Претседателот раководи со работата на Управниот одбор, ги потпишува актите што ги донесува Управниот одбор и врши работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот одбор. Кога Претседателот на Управниот одбор е отсутен, донесените акти ги потпишува потпретседателот на Управниот одбор или членот на Управниот одбор кој ја водел седницата.

На член и претседател на Управниот одбор мандатот им престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешуваат и мандатот им престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители ".

Член 3

Во членот 18 ставот 1 точката 39. се менува и гласи:

„39.го утврдува процентуалното учество на оправданите инвестициски трошоци за секоја продуктивна почетна инвестиција во вкупниот износ на оправдани инвестициски трошоци за корисниците на државна помош, а во врска со членот 8-а став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони ".

Член 4

Во членот 19 во ставот 4 по зборот „економијата" се додаваат зборовите „и трудот"

Член 5

Членот 20 се менува и гласи:
„Со Дирекцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.
Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.
Директорот и заменик-директорот се именуваат со мандат од пет години.
За именување на директор и заменик-директор се спроведува постапка за именување согласно со Законот за високи раководители.
За директор и заменик-директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени со Законот за високи раководители."

Член 6

Во членот 21 во ставот 1 по точката 3. се додава нова точка 4. која гласи:
„4.донесува решение согласно со членот 8-а став (6) од Законот за технолошки индустриски развојни зони по претходно утврдување на процентуалното учество на оправданите инвестициски трошоци за секоја продуктивна почетна инвестиција во вкупниот износ на оправдани инвестициски трошоци за корисниците на државна помош, од страна на Управниот одбор".

Точките 4., 5., 6., 7., 8., 9., 10., 11., 12., 13., 14., 15. и 16 стануваат точки 5., 6., 7., 8., 9., 10., 11., 12., 13., 14., 15., 16. и 17.

Член 7

Членот 23 се менува и гласи:
„На директорот и заменик-директорот на Дирекцијата мандатот им престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешуваат и мандатот им престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.
Покрај случаите од ставот (1) на овој член, директорот и заменик-директорот на Дирекцијата можат да бидат разрешени и ако:
1) не достават извештај согласно со членот 16 став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони и
2) по истекот на рокот определен во членот 16 став (3) од Законот за технолошки индустриски развојни зони не ги отстрани недостатоците или во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење.".

Член 8

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла на Дирекцијата, а ќе се објави по добивањето на согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Претседател на Управен одбор,
Виолета Самарџиска